**20140431274**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 2014 година.

Бр. 07-1268/1
26 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ**

Член 1

Во Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008, 77/2009 и 24/11), членот 17 се менува и гласи:

“(1) Со работата на Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(2) Директорот има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(3) За директор и заменик-директор, може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- да има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование, најмалку пет години работно искуство од областа на економијата, правото, технологијата или агрономијата од кои најмалку две години на раководна функција во областа на економски, финансиски, правни, технички и академски институции или во енергетскиот сектор,
- да има соодветен доказ (сертификат), не постар од пет години, за положен англиски јазик и тоа: ТОЕФЛ ИБТ (со најмалку 74 бода), или ИЕЛТС (најмалку 6 бода), или ТОЛЕС (базично познавање), или ИЛЕК (најмалку Б2 ниво) или Кембриџ сертификат (Б1 ниво), или АПТИС (најмалку Б2 ниво) и
- да поседува потврда за положен психолошки тест и тест за интегритет.

(4) Директорот и заменик-директорот се именуваат по спроведен јавен оглас за избор, објавен во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.“

Член 2

Одредбите на членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по  две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.